**УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП**
**Правен факултет Штип**
**Студиска програма: Правни студии, правосудна насока и Новинарство и односи со јавност-Штип и Скопје**
**Правни студии-Струмица**

# *МЕДИУМСКО ПРАВО*

**Вонреден проф. д-р Андон Мајхошев**

**Штип, 2018 година**

Андон Мајхошев

# МЕДИУМСКО ПРАВО

Штип, 2018 година

Андон Мајхошев

# МЕДИУМСКО ПРАВО

**Проф. д-р Андон Мајхошев**

# МЕДИУМСКО ПРАВО

**Рецензенти:** Проф. д-р. Јадранка Денкова & Проф. д-р. Страшко Стојановски

**Лектор:** Проф. д-р. Сузана Џамтоска-Здравковска

**Уредник:** (Arial 11, Bold)
(име и презиме) (Arial 11, regular)

**Техничко уредување:** (Arial 11, Bold)
(име и презиме) (Arial 11, regular)

**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (Arial 11, regular)

**Објавено во е-библиотека:**
https://e-lib.ugd.edu.mk

CIP - Каталогизација во публикација

(Arial 9, Regular)

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

**Проф. д-р Андон Мајхошев**

# МЕДИУМСКО ПРАВО

Штип, 2018 година

**Предговор**

Учебникот што е пред Вас е подготвен како основен наставен материјал за предметот Медиумско право за студентите на Правниот факултет во Штип, Струмица и студентите на студиската програма Новинарство и односи со јавноста во Штип и Скопје. Освен за студентите, текстот може да биде од голема корист и на новинарите кои работат во медиумите за прашања кои се поврзани со меѓународните стандарди и националната регулатива за медиумите, со кои новинарите секојдневно се среќаваат во својата професија. Истовремено, книгата е и водич за оние кои работат во медиумите, невладиниот сектор и други професии кои активно се вклучени во развојот на демократските вредности на општеството. Целта на наставните содржини е студентите да стекнат основно познавање на медиумската и аудиовизуелната политика во Европа и на меѓународните стандарди во медиумската сфера кои се имплементирани во националното законодавство.

Учебникот ги опфаќа најважните тематски области предвидени во програмата на предметот. Медиумското право во една држава не може да се разбере без соодветна анализа и ставање во контекст на европската легислатива и практика и развојот на институциите во континетални рамки. Затоа, градењето на една демократско општество подразбира и обврска за ефикасно функционирање на медиумските институции. Целта на наставните содржини е студентите да стекнат солидно познавање на медиумската и аудиовизуелната правна регулатива во Европа и на меѓународните стандарди во медиумската област, кои пак, се имплементирани во националното законодавство на Република Македонија.

Медиумското право ја опфаќа правната рамка, институциите, законите и практиката во кои делуваат медиумите во Република Македонија.

Регулирањето на содржините во аудиовизуелната област и натаму останува неопходен инструмент на европската медиумска политика за да се обезбеди остварување на јавниот интерес и да се зачуваат темелните принципи и вредности на демократското општество. Освен запознавањето на слободата на изразувањето како фундаментален принцип на јавниот интерес во медиумската сфера, значаен дел од авторизираните текстот е посветен на правните инструменти на Советот на Европа и на принципите на аудиовизуелната политика на Европската унија, особено: регулирањето на радидифузијата, улогата на јавниот радиодифузен сервис, комерцијалниот сектор и непрофитните медиуми. Во неколку тематски поглавја се разработени и други важни прашања, чие познавање е неопходно за познавање на медиумската сфера и извршувањето на новинарската професија, како на пример: изворите на медиумското право (меѓународни и национални), дефинирање на слободата на изразување и слободата на медиумите, европскиот модел на регулирање на медиумите, регулирањето на програмските содржини, регулирањето на рекламирањето, регулирање на радиодифузијата, медиумскиот плурализам и недозволена медиумска концентрација, јавниот радиодифузен сервис, комерцијани и непрофитни радиодифузери, постапка за доделување на дозвола за телевизиско и радио емитување, саморегулацијата (компаративна анализа), права и одговорност на новинарот и медиумите, заштита на изворот на информација, пристапот до информации од јавен карактер, регулатива за клевета и навреда, правото на приватност, заштита на личните податоци, правото на одговор и исправка, принципите на известување од судски постапки, заштита на авторските и други сродни права, цензура и автоцензура, регулатива за медиумско покривање на изборни кампањи и низа други теми.

Во учебникот се поместени најважните стандарди на Советот на Европа и на Европската комисија кои се однесуваат на функционирањето на медиумската сфера, а во одделни тематски подрачја се обработени и насоките на меѓународната организација

"Артикл 19" (Article 19). Во повеќе тематски целини се обработени меѓународните стандарди на медиумската сфера со акцент на имплементирањето на истите во националната медиумска регулатива. Овде, пред се, станува збор за Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер и Законот за заштита на личните податоци. Напоменуваме дека текстот, исто така, претставува анализа на најважните законски решенија во Република Македонија, коишто ја регулираат медиумската сфера и слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Се надеваме дека учебникот на студентите ќе им помогне полесно да го совладаат материјалот по предметот Медиумско право, а со тоа ќе ги стекнат потребните знаења за соочување со предизвиците на новинарската и другите професии кои бараат стручно познавање на регулативата и стандардите за медиумската сфера.

Истовремено, овој текст е водич за оние кои работат во медиумите, невладините организации и за сите заинтерсирани страни кои заедно работат во демократското општество, а кои треба да служат во најдобар јавен интерес.

Се надеваме дека овој учебник ќе им послужи на студентите и вработените новинари да стекнат солидни познавања од медиумската регулатива, но и за полесно совладување и соочување со предизвиците на медиумската професија, која е една од најодговорните и најтешките во современото живеење.

*Штип, декември 2017 година* *Од авторот*

Предговор....................................................................................................................8
Содржина……………………………………………………………………………10

**Глава 1.**
**Поим и дефиниција на медиумското право**.....................................................15
Предмет и содржина на медиумското право.........................................................15
Извори на медиумското право..............................................................................16
Меѓународни извори на медиумското право.........................................................17
Актите на ООН како извот на медиумското право...............................................17
Актите на Советот на Европа како извор на медиумското право.........................18
Декларации, резолуции и препораки на Советот на Европа..................................19
Извори на медиумското право во Република Македонија......................................20
Уставот на РМ како извор на Медиумското право.................................................20
Законите како извор на медиумското право во РМ................................................21
Автономни извори на медиумското право во РМ...................................................22
Прашања за дискусија..........................................................................................22

**Глава 2.**
**Слобода на изразување и слобода на медиумите како темел на демократијата**.......................................................................................................23
Слобода на изразување.........................................................................................23
Граници на слободата на изразување....................................................................24
Слобода на медиумите..........................................................................................25
Права поврзани со слободата на изразување.........................................................31
Слободата на медиумите и слободата на изразување во меѓународното право..33
Слободата на изразување во македонското законодавство....................................33
Меѓународна контрола на слободата на медиумите...............................................33
Меѓународна контрола од страна на меѓународни организации............................37
Прашања за дискусија..........................................................................................37

**Глава 3.**
**Европски модел на регулирање на медиумите**....................................................38
Медиумите и владеењето......................................................................................38
Основни предуслови за остварување на јавниот интерес......................................39
Важни аспекти на медиумската политика на Советот на Европа...........................40
а) Еднаквост на половите.......................................................................................40
б) Правата на малцинствата и медиумите.............................................................41
в) (Не)толеранција..................................................................................................42
г) Насилство во медиумските содржини................................................................42
д) Заштита на децата и младината........................................................................43
ѓ) Слобода на изразување......................................................................................43
е) Медиумите и демократските процеси................................................................44
Прашања за дискусија..........................................................................................44

**Глава 4.**
**Регулирање на програмските содржини**...............................................................45
Професионални стандарди на информирањето на новинарите и медиумите....45
Заштита на приватноста........................................................................................49.
Право на одговор и исправка................................................................................50
Објава на исправката............................................................................................51
Право на одговор на објавена информација.........................................................52

Заштита на малолетните лица....52
Содржини со кои се поттикнува криминал и безредие....53
Содржини со кои се поттикнува расна или етничка омраза и нетрпеливост.....53
Верски програми....54
Промовирање на културна разновидност....54
Прашања за повторувања....54

**Глава 5.**
**Регулирање и рекламирање во електронските медиуми**....56
Забрана за рекламирање....56
Заштита на малолетниците....57
Чесност вистинитост и забрана на дискриминација....57
Рекламирање на прикриен начин, изложување на производи и спонзорирање на програмите....58
Начела и постапка на издавање на дозвола за телевизиско или радио емитување....59
Прашања за дискусија....59

**Глава 6.**
**Регулирање на радодифузијата**....65
Независен регулатор....66
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во РМ како регулаторно тело....67
Надлежности на Агенцијата....68
Отчетност и транспарентност на работата на Агенцијата....68
Органи на Агенцијата....70
Седници на Советот на Агенцијата....70
Именување на членовите на Советот....71
Престанок на мандатот на членот на Советот....72
Надлежности на Советот....72
Директор на Агенцијата....73
Стручна служба на Агенцијата....74
Надзор на Агенцијата....75
Регистар на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги....
Начела на вршење на дејноста на радиодифузерите....
Употреба на јазик....

**Глава 7.**
**Медиумски плурализам и недозволена медиумска концентрација**....77
Поврзани лица....78
Ограничување за стекнување сопственост....78
Посебна забрана за стекнување на сопственост на радиодифузерите....79
Недозволена медиумска концентрација....79
Утврдување на недозволена медиумска концентрација....80
Претходно известување на Агенцијата при промена на сопственичката структура....80

**Глава 8.**
**Јавен радиодифузен сервис**....84
Основни карактеристики на јавниот сервис....84

Статус и независност....85
Отчетност....85
Оценка....85
Јавен радиодифузен сервис во РМ....85
Програми и програмски сервиси од јавен интерес што ги обезбедува МРТ....86
Стандарди и начела на работата на МРТ....87
Архивирање на аудио и аудиовизуелните дела на МРТ....88
Органи на МРТ....88
Надлежности на програмскиот совет....89
Финасирање на јавниот радиодифузен сервис МРТ....89
Прашања за дискусија....89

**Глава 9.**
**Комерцијални и непрофини радиодифузери**....90
Постапка за издавање дозвола на телевизиско или радио емитување во РМ....90
Фази (чекори) на постапката за доделување на дозвола за телевизиско и радио емитување....93
Содржина на одлуката за објавување на јавен конкурс....96
Пријава за учество на јавниот конкурс....97
Критериуми за оценување на пријавите....97
Одлука за доделување на дозвола....98
Времетраење за дневно емитување кај радиодифузерите....98
Стечај и ликвидација на трговските радиодифузни друштва....99
Настани со ексклузивни права за емитување....99
Прашања за дискусија....99

**Глава 10.**
**Саморегулација и корегулација**....101
Саморегулацијата во некои држави во ЕУ....102
Саморегулација на медиумите во државите од Западен Балкан....103
Саморегулацијата во Република Македонија....104
Финасирање на Советот на печат (саморегулаторните тела)....107.
Омбудсман....107
Декларација за правата и обврските на новинарите како меѓународен саморегулаторен акт....109
Етичкиот кодекс на новинарите на Македонија....110
Прашања за дискусија....112

**Глава 11.**
**Права и одговорност на новинарот и медиумите**....113
Намерно или ненамерно изнесување невистина....113
Медиумите, бизнисот и профитот....114
Заштита на авторските права....114
Заштита на авторските права во РМ....115
Прашања за дискусија....115

**Глава 12**
**Цензурата и самоцензурата како облици на ограничување на слободата на медиумите....118**
Цензура....118
Автоцензура....119

Заштита на изворите на информирање......................................................................120
Доверливи извори на информации.........................................................................122
Доверливи извори на информација (case study)………………................................122
Заштита на приватноста...........................................................................................124
Забрана на говор на омраза.......................................................................................127
Известување за различности......................................................................................131
Известување на медиумите од судски постапки и презумпција на невиност...132
Медиумите, новинарите и корупцијата.....................................................................135
Слобода и одговорност на уредникот.......................................................................136
Прашања за дискусија.................................................................................................138

**Глава 13.**
**Пристап на информации од јавен карактер**............................................................139
Историјат на слободата на информирање и слободниот пристап до информации................................................................................................................140
Принципи од Јоханесбург.............................................................................................141
Право на слободен пристап до информации во РМ..................................................141
Должност на имателите на информации...................................................................143
Режим на исклучоци......................................................................................................144
Трошоци за посредување со информации.................................................................145
Комисија за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер.......................................................................................................................145
Информирање на јавноста во врска со пристапот до информации...................146
Основни принципи на слободниот пристап до информации..............................147
Нормативно регулирање на слободниот пристап до информации во РМ.........147
Спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.......................................................................................................................148
Прашања за дискусија..................................................................................................150

**Глава 14.**
**Заштита на личните податоци.................................................................................152**
Поим на право на заштита на личните податоци......................................................151
Причини за ограничување на правото на заштита на личните податоци...........154
Дирекција за заштита на личните податоци (основање и надлежности)............155
Надлежности на Дирекцијата ......................................................................................156
Инспекциски надзор за заштита на личните податоци.........................................156
Прашања за дискусија..................................................................................................158

**Глава 15.**
**Регулатива за клеветата...........................................................................................160**
Декриминализација на навредата и клеветата.........................................................159
Општи напомени за слободата на изразување..........................................................159
Регулирање на слободата на изразување во РМ.......................................................161
Дефиниција за навреда и клевета согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.........................................................................................................161
Навреда...........................................................................................................................161
Клевета............................................................................................................................163
Исклучоци на одговорност за клевета........................................................................164
Надоместување на штета за навреда.........................................................................165
Надоместување на штета за клевета..........................................................................165

Поведување постапка....165
Зошто декриминализација на клевета? ....166
Што можеме да заклучиме?....168
Прашања за дискусија....170

**Глава 16.**
**Регулатива за медиумско покривање на изборните кампањи**....172
Непристрасност и политички и други предрасуди на новинарот....172
Меѓународно правна за изборите....172
Регулатива за медиумско покривање на изборните кампањи....172
Известување во вестите за резултатите од анкетите на јавното мислење......174
Јавниот сервис и изборите....174
Кодекс на новинарите и изборите....174
Медиумско претставување....175
Програма за едукација на гласачите....176
Известување за време на изборен молк....176
Посебни информативни програми во изборната кампања....177

**Библиографија**....179

# ГЛАВА 1.

## ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА НА МЕДИУМСКОТО ПРАВО

Функционирањето на медиумите не се остварува во политички и правен вакуум. Медиумите својата активност мора да ја обавуваат во добро регулирана правна рамка, која можеме да ја наречеме *"погодно законско опкружување"*. Мораме да нагласиме дека за развој на поволно законско (правно) опкружување во државата потребно е да се обезбедат два основни предуслови: 1) препознавање на слободата на изразување и слободата на медиумите и 2) почитување на на вредностите на "владеење на правото". Законски поволно опкружување предвидува активности на државните органи (власта) кои претставуваат неприфатливо мешање кое е засновано на основните права. На пример Законот со кои се регулира клеветата претставува обврска да се штити угледот на поединецот-што е важна општествена вредност вродена во достоинството на секоја личност. Сепак, истовремено, наметнување на законски санкции за изјави кои се окарактеризирани како клевети, претставуваат и оптоварување на слободата на изразување. Законски погодното опкружување ќе има чуство за рамнотежа помеѓу двата наведени интереси (угледот и слободата на изразување). Ефикасното спроведување на таквата равнотежа не е можно без почитување на владеење на правото.

Медиумското право во Република Македонија го истражува правното опкружување –правната рамка, институциите, законите и праксата во која делуваат медиумите во Република Македонија. Медиумското право е релативно млада правна дисциплина која се појавува и развива паралелно со брзиот развој на медиумите, особено електронските медиуми. Во теоријата и практиката нема една општо прифатена дефиниција, иако има обиди да се дефинира. Ниту нашето законодавство не ја дава дефиницијата за медиумското право. Некои медиумското право го дефинираат како *"право кое посредува помеѓу оној чија информација се испраќа и оној кој информацијата ја прима"* (Воденилиќ). Други извори наведуваат дека тоа е однос помеѓу граѓаните и медиумите, односно, сите правни односи настанати во врска со дејноста на медиумите. Не впуштајќи се во понатамошна анализа и разработување на дефиницијата медиумско право, односно, сметаме дека е важно да се наведе кои се области на правото и сегменти на животот опфаќа, а што најдобро може да воочи со наведување на основните извори на медиумското право.

За да го дефинираме Медиумското право ќе појдеме од општата дефиниција на правото кое гласи дека *"Правото претставува збир на правни норми со кои се регулираат општествените односи кои се санкционирани од страна на државата со принуда"*. Поаѓајќи од општата дефиниција за правото, Медиумското право можеме да го дефинираме како *"Збир на правни норми и начела со кои се регулира функционирањето на медиумите и медиумскиот простор, односно работата на медиумите, и зад кои стои државната принуда"*. Ова подразбира, доколку не се почитува медиумската регулатива субјектот кои го прекршил законот ќе биде санкциониран согласно законот.

Значи, медиумското право како збир на правни норми и пракса претставуваат амбиент во кој делуваат и се развиваат печатот, радиото и телевизијата и новите on-line.

## ПРЕДМЕТ И СОДРЖИНА НА МЕДИУМСКОТО ПРАВО

Медиумското право е една од најмладите правни дисциплини и е тесно поврзана со развојот на медиумите, пред се електронските медиуми и новинарската професија. Неговиот развој и подем се манифестираат како на субјектите на кои се однесуваат неговите принципи и норми, така и на односите што ги уредува, особено на неговиот предмет. Секоја научна дисциплина има свој предмет на проучување. Кога се зборува за предметот и содржината на медиумското право, всушност се мисли на тоа што изучува и уредува оваа правна дисциплина. Што се однесува до предметот на медиумското право, помеѓу теоретичарите од оваа област, неспорно е дека *"тоа е самостојна правна дисциплина која има свој посебен предмет на проучување, а тоа се односите што се воспоставуваат во медиумската сфера"*. Неизоставен дел на предметот на медиумското право, освен регулативата (меѓународна и национална), секако се принципите, начелата и стандардите на коишто почива функционирањето на медиумите и медиумската сфера. Значи, медиумското право претежно се бави со проучување на регулирањето на односите во сферата на медиумите. Во правната теорија постои мислење дека тоа како посебна правна дисциплина има свој посебен предмет на регулирање и проучување, а тоа се односите во медиумската сфера, односно односите што се воспоставуваат во областа на медиумите.

Медиумското право во основа ги опфаќа следните прашања кои ја сочинуваат неговата содржина, што всушност претставува и предмет на проучување на медиумското право:

Прво, поимот и дефиницијата на медиумското право;
Второ, изворите на медиумското право (меѓународни и национални, односно хетерономни и автономни);
Трето, слободата на изразување и слободата на медиумите како основен предуслов за развој на демократијата и демократските односи во општеството.
Четврто, европскиот модел на регулирање на медиумите;
Петто, регулирањето на програмските содржини;
Шесто, регулирањето на рекламирањето во електронските медиуми;
Седмо, регулирањето на радиодифузијата;
Осмо, медиумскиот плурализам и медиумската концентрација;
Девето, јавниот радиодифузен сервис (македонската радио телевизија);
Десето, видови на радиодифузери (комерцијални и непрофитни)
Единаесето, саморегулација и корегулација;
Дванаесето, правата и одговорноста на новинарот и медиумите;
Тринаесето, заштита на изворите на информирање;
Четиринаесет, пристапот до информации од јавен карактер;
Петнаесет, правото на приватност и заштита на личните податоци;
Шеснаесет, регулатива за клевета;
Седумнаесет, заштита на новинарските извори, известување од судски постапки и право на одговор и исправки и
Осумнаесет, регулатива за медиумско покривање на изборните кампањи

## ИЗВОРИ НА МЕДИУМСКОТО ПРАВО

Како што е познато секоја правна дисциплина има свои извори, па така и медиумското право. Под поимот извор на медиумското право се подразбира севкупноста на правните правила кои го уредуваат предметот на оваа правна дисциплина и кои се санкционирани со организирана принуда на државата (правни норми и правила).